**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ПЕДЕСЕТ И СЕДМАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 18.03.2025 година**

**СКОПЈЕ, МАРТ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Педесет и седмата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 18.03.2025 година**

*Пред почетокот на седницата со едноминутно молчење им беше оддадена должна почит на трагично загинатите во несреќата што се случи во ноќниот клуб "Пулс" - Општина Кочани.*

Седницата започна во 12:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **м-р Сашо Кукески**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителот на материјалот предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Педесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **м-р Сашо Кукески**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства, за помош на настраданите граѓани во несреќата во ноќниот клуб "Пулс" - Општина Кочани.

Пред преминување на расправа и одлучување по точката од утврдениот дневен ред, беше соопштен ставот на комисијата на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства,**

**за помош на настраданите граѓани во несреќата во ноќниот клуб "Пулс" - Општина Кочани.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства, за помош на настраданите граѓани во несреќата во ноќниот клуб "Пулс" - Општина Кочани, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - м-р Сашо Кукески ја заклучи Педесет и седмата седница на советот на Општина Гази Баба, во **12:20** часот.

**Број 09-2288/2**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот